1800 medicare

1800 633 422

# Водич чекор по чекор кога се јавувате на 1800MEDICARE

1800MEDICARE е бесплатна здравствена услуга достапна 24 часа, 7 дена во неделата за секого во Австралија. Јавете се на 1800 633 422 за да разговарате со регистрирана медицинска сестра за стручен здравствен совет и помош да ја најдете соодветната нега. Исто така, можете да ја посетите веб-страницата medicare.gov.au/1800 или да ја користите мобилната апликација за да пристапите до услугата и до уште многу други здравствени информации.

Во итен случај, секогаш јавете се на три нули (**000**) или веднаш одете во најблискиот оддел за итни случаи.

## ЧЕКОР 1 – Не се чувствувате добро или итно ви е потребен здравствен совет?

- Не сум сигурен/на што да правам
- Ординацијата на мојот матичен лекар е затворена
- Не се чувствувам добро
- Не знам каде да одам

## ЧЕКОР 2 – Јавете се на 1800MEDICARE (1800 633 422)

Можете да се јавите за:

- Себе
- Вашето дете
- Член на семејството
- Некого за кого се грижите

## ЧЕКОР 3 – Медицинската сестра ќе ви даде совет за соодветната нега, која може да вклучува:

**Нега дома**
Може да добиете совет како безбедно да ги контролирате вашите симптоми дома.

**Посета на матичен лекар (GP)**
Може да бидете упатени кај матичен лекар или во здравствена клиника. Медицинската сестра исто така може да ви закаже виртуелен преглед кај матичен лекар, во зависност од времето во денот и вашата ситуација.

**Аптека**
Може да бидете упатени да одите во аптека за совет или за терапија.

**Итна нега или ургентна медицинска помош**
Ако е потребно, можеби ќе добиете совет да посетите Клиника за итна нега на Medicare (Medicare Urgent Care Clinic) или оддел за итни случаи.

**Ви треба помош на вашиот јазик?**

- Јавете се на TIS National на **131 450**
- Побарајте го вашиот јазик
- Побарајте преведувач*
  *Помошта од преведувач е бесплатна
- Побарајте да ве поврзат со 1800MEDICARE или **1800 633 422**.

## Повеќе информации

За да дознаете повеќе за 1800MEDICARE и да ја најдете соодветната нега во вистинско време:

- јавете се на 1800MEDICARE на **1800 633 422**
- одете на medicare.gov.au/1800-translated-resources
- преземете ја апликацијата 1800MEDICARE app
- скенирајте за повеќе информации